**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 0903-74/6**

**Скопје, 04.03.2009 година**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за внатрешни работи на РМ (во понатамошниот текст МВР) - сметка на приходи од самофинансирачки активности за 2007 година, кои се прикажани на страните 4,5 и 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на МВР – сметка на приходи од самофинансирачки активности за 2004 година. За годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - М-р Гордана Јанкулоска, министер , од 26.08.2006 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 01.09-25.12.2008 година, од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната

ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 06.02.2009 година под архивски број 07-7308/1 примени се забелешки по Претходниот извештај на овластениот државен ревизор Истите се разгледани и е констатирано дека забелешките по точките 10.1.1 и 10.2.1 не се прифаќаат од причини што Министерството за внатрешни работи писмено ги објаснува причините за утврдените состојби без да достави нови докази кои ги побиваат наодите на ревизијата.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Неправилна примена на акти**

11.1.1. Спротивно на Законот за регистрирање на готовинските плаќања, во бифето на МВР во 2007 година и до крајот на 2008 година, нема воведено фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања. Продажбата на готови производи, стоки и услуги која се евидентира само врз основа на регистар каса не обезбедува систем на контрола на регистрирањето на остварениот готовински промет, создавајки ризик од несоодветно евидентирање и плаќање на обврските за ДДВ.

**Препорака**

1. Одговорното лице од Секторот за финансиски, материјално-технички и логистички работи во МВР да ја финализира постапката за воведување на фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања во бифето на МВР согласно Законот за регистрирање на готовинските плаќања.

11.2. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.2.1. Набавката на прехранбени артикли и пијалоци на залиха се евидентира по утврдени плански цени врз основа на ценовници од 2003 и 2004 година. Ревизијата утврди дека отстапувањето (разликата во цена) помеѓу набавните и планските цени книговодствено не се евидентира. Утврдените плански цени за одделни производи не се усогласени со сегашните пазарни услови, односно истите се пониски од стварните што доведува до нереално искажување – потценување на залихите и фондот на залиха на материјалите а продажбата на готовите производи и услуги реално не ги покрива трошоците за нивна набавка.

**Препорака**

1. Одговорните лица во министерството да извршат усогласување на ценовниците на прехранбени артикли и пијалоци со цените на пазарот и да воспостават сметководствена евиденција на разликата во цена помеѓу набавните и планските цени.

11.3. **Неправилности во искажувањето на позициите на Билансот на состојба**



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*

11.3.1. Во сметководствената евиденција на сметката – приходи од самофинансирачки активности евидентирани се сместувачки единици (камп приколки) со локација во Бечиќи – Црна Гора, во вкупна вредност од 3.136 илјади денари. Од страна на министерството истите со години наназад не се користат ниту на нив е извршен попис за утврдување на фактичката состојба, спротивно на Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Ваквата состојба може да има за ефект нереално и необјективно прикажување на позицијата Материјални средства и Извори на капитални средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2007 година.

**Препорака**

1. Надлежните служби во МВР да извршат увид во фактичката состојба на сместувачките единици (камп приколки) и да превземат соодветни активности во насока на реално и објективно евидентирање на Материјалните средства.

11.4. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.4.1. Поради причините кои се наведени во точка 11.5.3 од Конечниот извештај на МВР - Сметка за средства од буџетот на РМ, министерството извршило набавки без да спроведе постапки за набавка на стоки/услуги во вкупен износ од 7.222 илјади денари за набавка на прехранбени производи.

**Препорака**

1. Комисијата за јавни набавки навремено да превзема мерки и активности за потребните набавки и истите да ги врши со претходно спроведена постапка за јавна набавка.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 11.2 и 11.3 финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Министерството за внатрешни работи – сметка за приходи од самофинансирачки активности на ден 31.12.2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, освен во точката 11.4. кај Министерството за внатрешни работи е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

12. **Превземени/непреземени мерки од страна на субјектот по основ на препораките дадени во ревизорскиот извештај за 2004 година.**

13.1. Во однос на препораките дадени во Конечниот ревизорски извештај за 2004 година, ревизијата констатира дека за наодите утврден во точката 11.1.2 од страна на МВР не се превземени мерки за отстранување на наведените слабости и неправилности, неправилностите утврдени во точка 11.1.3 се делумно отстранети и неправилностите утврдени во точката 11.1.1 се отстранети.

Скопје, 27.02.2009 година **Овластен државен ревизор**



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 38,854 | 35,740 |
| Трансфери и донации | 8,993 | 9,323 |
| **Вкупно приходи** | **47,847** | **45,063** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 35,317 | 29,641 |
| Субвенции и трансфери | 363 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **35,680** | **29,641** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 1,672 | 4,842 |
| **Вкупно капитални расходи** | **1,672** | **4,842** |
| **Вкупно расходи** | **37,352** | **34,483** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **10,495** | **10,580** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | 1,259 | 1,587 |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **9,236** | **8,993** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*

*Овластен државен ревизор*
----------------------------

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 9,324 | 7,936 |
| Хартии од вредност | 0 | 5 |
| Побарувања | 15,069 | 4,602 |
| Побарувања од вработените | 481 | 107 |
| Побарувања од државата и други институции | 3 | 1,057 |
| Активни временски разграничувања | 11,488 | 3,897 |
| Залихи | 4,927 | 3,723 |
| **Вкупно тековни средства** | **41,292** | **21,327** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални добра и природни богатства | 613 | 613 |
| Материјални средства | 73,057 | 53,330 |
| **Вкупно постојани средства** | **73,670** | **53,943** |
| **Вкупна актива** | **114,962** | **75,270** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 9,214 | 3,564 |
| Краткорочни финансиски обврски | 43 | 44 |
| Обврски спрема државата и други институции | 2,275 | 334 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 91 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 24,742 | 13,662 |
| **Вкупно тековни обврски** | **36,365** | **17,604** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 78,597 | 57,666 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **78,597** | **57,666** |
| **Вкупна пасива** | **114,962** | **75,270** |



***ул: “Маршал Тито” - 12/3***
***Палата Македонија - Скопје***
***тел:211-262, факс:126-311***

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2007ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **53,943** | **3,723** | **57,666** |
| **Зголемување по основ на:** | **20,310** | **42,713** | **63,023** |
| Набавки | 654 | 37,448 | **38,102** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | 19,656 | | **19,656** |
| Вишок по попис | - | 5,265 | **5,265** |
| **Намалување по основ на:** | **583** | **41,509** | **42,092** |
| Отпис на капитални средства/продажба | | 41,494 | **41,494** |
| Амортизација | 1,971 | | **1,971** |
| Корекција на стапка на амортизација | (1,096) | | **(1,096)** |
| Презадолжување | (292) | | |
| Расходување | | 15 | |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **73,670** | **4,927** | **78,597** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*

*Овластен државен ревизор*

----------------------------

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***

***Бр. 0906-74/14***
***Скопје, 09.04.2009 година***

Врз основа на член 23 став 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија (“Сл. весник на РМ” бр. 65/97…70/06) и добиен Приговор по Конечен Извештај за извршена ревизија на Министерството за внатрешни работи за 2007 година, бр. 15.1.1 21473/1 од 02.04.2009 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното

# ***Р Е Ш Е Н И Е***

***по поднесен приговор на Конечен извештај***

**1.** Приговорот на наодите во точка 11.1.1, 11.2.1, и 11.3.1 од Конечниот извештај за извршената ревизија на Министерството за внатрешни работи за 2007 година – сметка на приходи од самофинансирачки активности, **не се прифаќа**.

**2.** Решението по доставениот приговор на конечниот извештај претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се објавува на ВЕБ страната на Државниот завод за ревизија.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на Министерството за внатрешни работи за 2007 година поднесен е приговор бр.15.1.1 21473/1 од 02.04.2009 година.

Образложението за неприфаќање на одделни точки од приговорот е следното:

1. На наодот по точката **11.1.1** од Конечниот извештај што се однесува на невоведен фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања во бифето на МВР, **не е даден приговор,** бидејќи претставува известување за активностите кои се во тек за отстранување на утврдената неправилност.

2. На наодот по **точката 11.2.1** од Конечниот извештај што се однесува на сметководственото неевидентирање на отстапувањето помеѓу набавните и планските цени и неусогласеноста на утврдените плански цени за одделни производи со сегашните пазарни услови **не е даден приговор**, туку известување дека во 2009 година се превземени одредени активности за надминување на констатираните слабости (нов Ценовник за прехранбени артикли и пијалаци и Норматив за приготвување на готов производ), што ќе биде предмет на разгледување во наредниот период.



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*

3. Приговорот на наодот по **точката 11.3.1** од Конечниот извештај што се однесува на неизвршениот увид во фактичката состојба на сместувачките единици (камп приколки) со локација во Бечиќи – Црна Гора кои се евидентирани во сметководствената евиденција на сметката – приходи од самофинансирачки активности, **не се прифаќа,** поради тоа што е дадено известување за институциите кои се надлежни за надминување на неправилностите утврдени во наодот.

Известувањето за постапување по препораките на ревизијата е посебна постапка предвидена со Законот за државна ревизија, која не се вклучува во постапката на одлучување по приговор од страна на Главниот државен ревизор. Истата е предмет на анализа и обработка  за други цели.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Скопје, 06.04.2009 година

**Главен државен ревизор,**

**Тања Таневска**



***ул: “Маршал Тито” - 12/3***
***Палата Македонија - Скопје***
***тел:211-262, факс:126-311***